РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2229/2
20-07-2026 r./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2229/1 од 17.06.2026 година, со наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за оценување, унапредување и избор на раководител во Подрачното одделение ----------- при --------------- --------------- -- -------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените дејствија нема јасни наводи и укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на конкретни службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со број 12-1125/1 од 13.03.2025 година, да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител на ден 17.06.2026 година, до ДКСК доставена е пријава без прилози со наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за оценување, унапредување и избор на раководител во Подрачното одделение ----------- при --------------- ---------------- -- --------- по која е оформен предмет број 12-2229/1 од 17.06.2026 година.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По извршениот увидот во доставената анонимна пријава ДКСК констатира дека во истата нема јасни наводи и укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на конкретни службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Пријавата е анонимна и

од тие причини ДКСК нема можност да обезбеди било какви дополнителни информации за понатамошно постапување.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен м-р И.П., раководител на сектор